**20121643879**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 77 став (1) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05,81/05,24/07,159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11 и 123/12), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.12.2012 година, донесе

# У Р Е Д Б А
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРОЕКТИТЕ И ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ВРЗ ОСНОВА НА КОИ СЕ УТВРДУВА ПОТРЕБАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЈАТА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (*)

Член 1

Во Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.74/05, 109/09) во Прилог 1 точката 16 се менува и гласи:

„16. Каменоломите и површинските копови, каде што експлоатационото поле надминува 25 хектари или јамска експлоатација или екстракција каде што експлоатационото поле надминува 150 хектари.“

Член 2

Во Прилог 2 точката 2 се менува и гласи:

„2. Експлоатација или екстракција на минерални суровини

(а) каменоломи, сите видови на површински копови и експлоатација или екстракција во тресетишта што не се вклучени во Прилог I;

(б) подземни (јамски) рудници;

(в) експлоатација или екстракција на минерални суровини од коритата и бреговите на површинските водни тела

(г) длабоки дупчења, особено:

- геотермални дупчења;
- дупчења за складирање на радиоактивен отпад и
- дупчења заради јавно водоснабдување, со исклучок за испитување на стабилноста на земјиштето.

(д) Површинските индустриски инсталации за експлоатација или екстракција на јаглен, нафта, природен гас и руда, како и на битуменски шкрилци.“

Член 3

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-9143/1 | Заменик на претседателот |
| 18 декември 2012 година | на Владата на Република |
| Скопје | Македонија, |
| | м-р **Владимир Пешевски,** с.р. |

(*) Со оваа уредба се врши усогласување со Директивата 2011/92/EU на Европскиот парламент и Советот од 13 Декември 2011 година за оцена на влијанието врз животната средина од одредени јавни и приватни проекти, CELEX 32011L0092.